РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-813/2

05-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржано на 02.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-813/1 од 19.02.2021 година, против --------------- ДООЕЛ Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што со пријавата не се опфатени државни институции и службени лица.

Предметот со број 12-813/1 од 19.02.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познати подносители, на ден 19.02.2021 година, поднесена е пријава против ------------------------- ДООЕЛ Скопје и оформен е предмет број 12-813/1 од 19.02.2021 година.

Во пријавата подносителот истакнува барање за гонење и отпочнување на истражна постапка поради, како што е наведено, сериозни криминални активности кон поранешни членови на ----------------. Во пријавата се наведува дека правното лице, застапувано од управителот --------------------------, иницирало судска постапка со предлог за издавање на платен налог против нивни поранешен член ------------------- во Основниот суд Скопје 2, при што во текот на постапката тужениот починал и правното лице исценирало долг кон 2 физички лица, подносители на оваа пријава. Ваквото пренасочување на тужбата, според подносителите, нема никаква законска основаност, особено што во списите на предметот нема ниту еден доказ со кој се потврдува било каква поврзаност помеѓу тогаш првотужениот и сега тужените за истиот долг. Во продолжение на пријавата се дава детален опис на случувањата во врска со предметниот долг со образложение за докази кои

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

подносителите сметаат се фалсификувани од страна на правното лице. На крајот на пријавата се наведува дека од страна на посоченото правно лице, согласно Кривичниот законик на РСМ се извршени повеќе кривични дела, како што се: поднесување лажни докази во судска постапка; фалсификување потписи; фалсификување документи, злоупотреба на лични податоци, изнуда на парични средства организиран криминал; бесправно збогатување итн., а од институциите се бара конечно расветлување на случајот.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавеното лице од ----------------------------- не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**